Архивски број: 08-26/4
22-03-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-521/1 од 29.09.2022 година, поднесена од [redacted] Скопје, преку полномошник Адвокат [redacted] против лицето [redacted] од Скопје за сторена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата) врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2020), на 22.03.2023 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ врз основа на етничка припадност во областа јавно информирање и медиуми сторено од страна на [redacted] од Скопје врз граѓани на Република Северна Македонија со бугарско национално самосознание.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на ден 29.09.2022 година [redacted] Скопје, преку полномошник Адвокат [redacted] од Скопје, достави претставка бр. 08-521/1. Во претставката подносителот тврди дека е сторена дискриминација по основ на етничка припадност во друга област, односно на социјалната мрежа „FACEBOOK“ врз граѓани на Република Северна Македонија со бугарско национално самосознание од страна на лицето [redacted] со адреса на [redacted], Скопје.

Имено, во претставката се наведува дека лицето [redacted] на социјалната мрежа „FACEBOOK“ од својот личен профил направил повеќе објави со кои според подносителот на претставката, именуваниот сторил директна повторена дискриминација во смисла на член 8 став 1, а во врска со член 4 став 1 точка 11 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на потекло, национална и етничка припадност, кон граѓани на Република Северна Македонија со бугарско национално самосознание. Со наведеното лицето [redacted] ги дерогирал одредбите за заштита на основните човекови права и слободи

загарантирани со Уставот на РСМ, меѓународните правни акти ратификувани од Собранието на РСМ кои се однесуваат на слободно изразување на националната етничка припадност, како што се: Европската конвенција за човекови права, Универзалната декларација за човекови права, Меѓународната повелба за граѓански и политички права и Конвенцијата за елиминација на сите форми на расна дискриминација на ООН.

Во претставката се наведува дека лицето [redacted] на 07.06.2022 година од сопствениот профил на социјалната мрежа „FACEBOOK" објавил:

„Во врска со одлуката на скапаницата од судија кој му дал 8 дена притвор, во врска со изјавата на скапаницата [redacted] дека МВР барало притвор, и во врска со сите скапаници кои го оправдуваат прогонот врз [redacted],
притворот е ЧИСТО ПОЛИТЧИКА ОДЛУКА и ДОКАЗ ЗА ВЛИЈАНИЕТО НА НАЦИ-ФАШИСТИЧКИТЕ АГЕНТИ од нашата и бугарската власт врз судот и правосудниот систем (вклучувајќи ги и скапаниците од обвинителството),
БИДЕЈЌИ
ОВОЈ ПРИТВОР Е ДОДЕЛЕН САМО ЗА „УМЕТНИЧКИ ВПЕЧАТОК", односно за медиумите кај комшиите кои негираат дека постоиме да пишуваат дека сме постапиле брзо, ефективно и строго како држава.
Притвор се доделува по три основи:
-опасност од бегство
-повторување на дело
-влијание врз постапка
АКО го признал делото, сето ова паѓа во вода и ќе добие казна бидејќи ја прифаќа.
Од друга страна, притвор НЕ СЕ ДОДЕЛУВА во следните случаи:
-ако пукаш во присуство на началник на полиција
-ако си пајак кој тепа полицајки
-ако си лопурдата и човечка гнида [redacted],
-ако си член на безгрешните ДУИ
-ако си кабелот од Тетово
-ако си автобуски превозник од пеколот
-ако си...
-ако си...
-ако си...
Но, неукоста, простотилакот, злобата и подаништвото на глупердите од власта, кои се толку слепи за да не сфатат дека одат ПРОТИВ целиот народ, кои не го спречија клубот кој слави наци-фашисти и кои не ја отстранија таблата на странски јазик на вратата (како што не отстраниле ништо противзаконито во нивните мочани кариери), резултираа со 8 дена зад решетки на [redacted].
Чисто да знаете, сите ние со реакциите спречивме да има минимум 30 дена притвор кој ќе му гооделеа, око немаше да им трепне. Од друга страна, не можеа да додржат да не

им го залијат со плунка земениот во уста на комшиите кои не' мочаат во секоја прилика, па сепак дадоа една „осумка“.
Гмизавци кои 8 саата не би издржале во Шутка, делат притвори ко бомбончиња. Ама ќе им се одбие од глава.
До денес велев дека не посакувам притвор никому, бидејќи во таа штала ни животни не треба да се чуваат.
Од денес, моите ставови се менуваат. За гомнари со гомнарска цевка. За животињи (карактерни, се извинувам на магарињата) само такви услови. И ќе живеам за тој ден.
Искрено и од срце: Пиздавиматерина глупава, погана и проста, племе ваше фашистичко.
https://telma.com.mk/.../sudija-na-prethodna-postapka.../...“.

Кон објавениот текст во прилог е дадена објавена вест од интернет порталот на телевизискиот медиум [redacted] со наслов „Судија на претходна постапка му одреди мерка притвор на [redacted].

Со приложена интернет врска до објавата од профилот:
https://www.facebook.com/story.php?story_fbid=10160193909017138&id=603272137.

На 07.06.2022 година од сопствениот профил на социјалната мрежа „FACEBOOK“ објавил:

„Државата „Северџганска Нашаземја“:
-дозволува основање и промоција на „културен клуб“ со име на соработник на нацифашистите кој македонистите ги нарекувал говеда и го негирал нашето /право на/ постоење
-дозволува цел државен врв од комшилук да дојде да го поддржува овој „културен клуб“ наречен по името на соработник на наци-фашизмот, а државен врв кој стои позади декларацијата на парламентот и меморандумот на владата во кои стои /ДО ЗБОР/ дека сме биле измислица на Тито и Коминтерната
-молчи во стотици случаи кога нивни /сдс-учк/ гавази прават зулуми
-го апси и притвара во рекордно време дечкото кој го направил она што државата требала да го направи, но немала муда, бидејќи ова со овие тенеќиња на чело оваа наша творба, навидум наследничка на Илинден и АСНОМ, не е држава туку е „администрирана територија“ како што сакаат да не учат во учебниците дека бугарите ни биле администратори, а не фашистички окупатори.
И најмалку што може секој еден од нас да направи додека е [redacted] во притвор е секојдневно да им го кара семето фашистичко на овие морони.
Фала и поздрав.“.

Со приложена интернет врска до објавата:
https://www.facebook.com/ilievski/posts/pfbid0z2VoQHefozQKhqD6WHydtFvbwBEbaMvzQPmb761U97QifpUdAjJmsFnSykhDM8nF1.

На 13.07.2022 година од сопствениот профил на социјалната мрежа „FACEBOOK" објавил:

„Не сум кажал одамна, па да не се создаде тих вакуум простор, исполнет со недоумици, би сакал да се обратам искрено до сите народни претставници кои со позитивен дух и нескриена ведрина гледаат кон можноста за евроинтеграции преку францускиот предлог... На сите вам би сакал да ви кажам:
ДА ВИ ЕБАМ КРВТА ПРЕДАВНИЧКА НА СИТЕ ШО ЌЕ ГЛАСАТЕ ЗА БУГАРИЗАЦИЈА. ПОРОД ДА НЕМАТЕ. ДУМРИТЕ.
Благодарам на вниманието и убава вечер.
п. с. Истото важи и за [redacted].".

Со приложена интернет врска до објавата:
https://www.facebook.com/ilievski/posts/pfbid02RT59Um9R7Z2RDx*Zb9yRgN7VfaZz5PVoTMXU3jfi1amETJGgaBfGvDBpczgSB3Dv1.

Исто така, на 13.07.2022 година од сопствениот профил на социјалната мрежа „FACEBOOK" објавил:

„Денес е Петровден, голем празник, па сакам да кажам: честито име и слава на сите кои се викаат Петар, Перо, Перица, Петре, и воедно думрет сите кои ќе гласаат за бугаризација на Македонија".

Со приложена интернет врска до објавата:
https://www.facebook.com/ilievski/posts/pfbid0N4VeTwt9eHfWxLMM9ooMJPKRQ8KLMbfRwdTtuXqMsUAAmqgW4xX7e9QYr5qScCJ1.

На 26.07.2022 година од сопствениот профил на социјалната мрежа „FACEBOOK" објавил:

„После пријавата за дискриминација во име на блгарите, поднесена преку Комисија за спречување и заштита од дискриминација, го напишав мојот одговор на истата. Одговорот е на 20-и-кусур страни, а ова што ќе го прочитате тука е последниот дел. Заклучокот 🙂
Кој сака, може да го прочита целосно на сликите подолу.
****
„Ви благодарам за испратената претставка за дискриминација, во која преку фејсбук статусите и сопствените мислења искажани во моето Вечерно шоу на [redacted] телевизија, само се потврдува она што го пишувам и зборувам, во за нив спорните и „дискриминаторски" искажувања на лично мислење:
Те негираат, те навредуваат, те плукаат, те омаловажуваат... и ако не им прекутиш, ако им вратиш – според нив ти сееш говор на омраза.

И јас можам да сфатам дека тие се навикнати да функционираат по тој начин. Но, за разлика од навиката создадена од нашите црепови како [redacted] и бандата кои одбраа да им молчат, да им веднат глава и да прават гргара од нивните плуканици (или други физиолошки течности), јас тоа ни мртов нема да го направам.
Така што, сакам да им порачам на сите кои решиле да тргнат по патот на цензурата – можете комотно да одјебете во непознат правец. Не ја следам модата и не знам што се носи во Пловдив или Софија, но вие може да се носите у пизде материне.
Гомца. Скапани. Фашизоидни. Цензорски. Смрдени. Гадови.
А она што не можам да го разберам е кој нас, Македонците, ќе не штити од ваквите гадови кои ги користат нашите институции за да си ги заштитат омразата, фашизоидноста, шовинизмот и малокуревизмот во своите редови. И не можејќи да разберам, не се ни трудам. Гледам во какво време живееме. И иако ние не го биравме времето во кое живееме, сами ќе го одбереме „оружјето".
Гадови луди, мислите ли дека ќе ви се исплашиме?
И Хитлер мислеше дека ќе го покори светот.
За на крај да си пресуди сам на себе, пикнат во бункер, како глушец.
К'снете си сиренце, додека има. Јадете и бурек од главата на нашите главучи кои клекнале пред вас. Ама за јогурт, пред нас ќе мора да се наведнете.
Ви благодарам на вниманието,
Без почит кон подносителите и оние согласни со нив, и воедно уште еднаш да посочам дека „да им ебам мајката" не е говор на омраза, туку е комплимент за нив, акт на љубов, како што е љубовно нивното добрососедство.
Штета што не ве издркале во вц шолја.
Бидејќи кој ве запознал вас, ни во пеколот нема да му биде тешко.
Гомнари.
Никогаш ваш, секогаш искрен
[redacted]"".

Кон објавата во прилог се објавени фотографии од писмен текст.

Со приложена интернет врска до објавата:
https://www.facebook.com/ilievski/posts/10160269328667138.

На крај во претставката подносителот предлага Комисијата да донесе мислење со кое се утврдува директна повторена дискриминација врз основа на потекло, национална и етничка припадност со препорака лицето во иднина да не објавува такви содржини кои поттикнуваат дискриминација, како и јавно да се извини на неговиот профил на социјалната мрежа „FACEBOOK".

Комисијата на 04.11.2022 година со Барање за доуредување бр. 08-521/2 се обрати до подносителот на претставката, од причини што наведената адреса на потенцијалниот дискриминатор не е адреса на живеалиште, туку адреса на правниот субјект каде тој е во работен однос и побара од подносителот во согласност со член 24

став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација во рок од 8 дена од приемот на барањето да ја доуреди претставката.

Подносителот на претставката со Поднесок заведен под бр. 08-521/3 на 09.11.2022 година, во однос на горенаведеното Барање, достави одговор до Комисијата во кој истакнува дека наведената адреса во претставката, иако е адреса од работодавачот кај кој е вработен потенцијалниот дискриминатор, треба да биде земена во предвид во понатамошната постапка на Комисијата.

Комисијата откако одлучи дека во предвид ќе ја земе наведената адреса во претставката, во согласност со член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на 06.12.2022 година со Барање бр. 08-521/4 поднесената претставка ја испрати до лицето [redacted], за да се изјасни за наводите содржани во претставката во рок од 15 дена од приемот на барањето.

Од страна на [redacted] до Комисијата на 31.01.2023 година е доставен допис – одговор заведен под бр. 08-26/3. Во одговорот именуваниот истакнува дека горенаведеното Барање, иако не е испратено на негова адреса на живеење, туку на адреса на [redacted] и истото било примено од друг, сепак ќе одговори на наводите исто како уредно да го примил наведеното барање. Имено, во одговорот тој се произјаснува одделно за секоја од наведените објави, односно за посебно издвоени делови од објавите кои воедно и се посебно означени во претставката, со што за првонаведената објава истакнува дека истата се однесува на приведувањето на [redacted] и дека „коментарот е насочен кон судот и сервилната власт, не кон лицата кои се себеидентификуваат како Бугари во Македонија“. Воедно истакнува дека „секој кој протежира и овозможува славење на ликот и делото на докажани соработници на нацистите и фашистите според мене е наци-фашистички агент“. Понатаму, тој истакнува дека во остатокот објавата се однесува на лица кои се носители на овластувања во институции, односно на властите, како и дека се користи реплика од одреден филм, а дека согласно напишаното во никој случај не се однесува на лица припадници или поврзани со одредена етничка заедница или како што се истакнува во одговорот „навредените“. Во однос на втората објава, во одговорот се објаснува користењето на одредени термини и нивната поврзаност со одредени историски факти, како и повторно дека не се однесува на „навредените“, односно „лицата кои се себеидентификуваат како Бугари во Македонија“. За третата, четвртата и петтата објава, во одговорот се истакнува дека истите се однесуваат на власта, односно на лица вклучени во актуелни политички процеси и настани, а дека одредени користени термини, како „бугаросеверџан“ не се однесува на одредена етничка група или лица поврзани со неа, туку на според него „специфичен ентитет“ кој ги подржувал преспанскиот и бугарскиот договор. Во однос на шестата објава, именуваниот се повикува на веќе донесено мислење од страна на Комисијата, додека за седмата објава се истакнува дека содржината на истата се однесува на најава за нов „културен клуб“, следствено на тие во Битола и Охрид.

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставува секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Во смисла на член 5 од истиот Закон, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Согласно член 8 став 1 пак, од наведениот Закон, директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.

Понатаму, согласно член 9 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа.

Согласно член 10 од наведениот Закон, вознемирување е секое несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

Комисијата ценејќи ги наводите во претставката на подносителот и од одговорот на лицето против кое е поднесена, утврди дека со објавите од личен профил на социјалната мрежа „FACEBOOK“ не е сторена, дискриминација, односно вознемирување врз основа на етничка припадност.

Имено, Комисијата утврди дека лицето [redacted] на социјалната мрежа „FACEBOOK“ од својот личен профил преку компјутерски систем во неколку наврати, и тоа на 13.06, 06.07 и 26.07.2022 година направил повеќе објави со текстуална содржина.

Комисијата, анализирајќи ја содржината на објавите, утврди дека иако самите објави содржат одредени навредливи зборови, сепак истите се објавени во контекст на политички настани и случувања во даден период или пак во релација на историски настани, во форма и смисла на критика и сопствен став кон истите. Објавите најчесто имплицитно, се однесуваат на лица од актуелната политичка сцена во државата, одредени постапувања или постапки, како и на носители на функции или на друг начин лица вклучени во политичките процеси. Следствено, тие се однесуваат и на

одредени политички настани или процеси поврзани со или како резултат на надворешната политика, а исто така и на групи на лица, релативно засегнати од или на претпоставен начин вклучени во наведените процеси, низ призмата на сопственото мислење и критичкиот став на авторот на таквите објави. Дел од текстовите пак, како такви не се насочени кон однапред определена група на лица врз основа на дискриминаторските основи наведени во претставката. Истите немаат за цел да омаловажат или создадат заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика кон група на лица, односно граѓани на Република Северна Македонија со бугарско национално самосознание, или пак воопшто на група на лица по етничка припадност Бугари, туку истите се објавени во смисла на политичка критика опфаќајќи група на лица кои би се идентификувале со други заштитени карактеристики.

Оттука, Комисијата утврди дека така објавените текстови, првенствено не претставуваат дискриминација, односно директна дискриминација во смисла на член 6 и член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, од причини што објавите со таквата содржина и форма не можат да се третираат како дејствија на сторување, односно разликување, исклучување, ограничување или давање првенство на дискриминаторска основа кои имаат за цел спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на група на лица на еднаква основа со други. Дотолку што, таквите објави не можат да се сметаат за поповолно, односно понеповолно постапување со една група на лица во однос на друга група на лица во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа во смисла на член 8 став 1 од горенаведенот Закон, со што би се исполнило битието на поимот дискриминација, односно директна дискриминација.

Понатаму во однос на горенаведеното, Комисијата утврди и дека направените објави не претставуваат вознемирување во смисла на член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно дека не се исполнува битието на поимот вознемирување согласно дефиницијата утврдена во наведениот член од Законот.

Во однос на наведеното, при носењето на мислењето, Комисијата во предвид ја имаше и слободата на изразување, во смисла на член 16 од Уставот на РСМ („Службен весник на РМ" бр. 1/1992; 31/1998; 91/2001; 84/2003; 107/2005; 3/2009; 13/2009; 49/2011 и 6/2019), со кој се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, како и слободата на говорот, јавниот настап, јавното информирање и слободното основање на институции за јавно информирање, а цензурата е забранета.

Дополнително на тоа во предвид и членот 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права, кој гласи:

*1. Секој човек има право на слобода на изразувањето. Ова право ги опфаќа слободата на мислење и слободата на примање и пренесување информации или идеи, без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите, на*

*претпријатијата за радио, филм и телевизија да им наметнуваат режим на дозволи за работа.*
*2. Остварувањето на овие слободи, коешто вклучува обврски и одговорности, може да биде под одредени формалности, услови, ограничувања и санкции предвидени со закон, кои во едно демократско општество претставуваат мерки неопходни за државната безбедност, територијалниот интегритет и јавната безбедност, заштитата на редот и спречувањето на нереди и злосторства, заштитата на здравјето или моралот, угледот или правата на другите, за спречување на ширењето на доверливи информации или за зачувување на авторитетот и непристрасноста на судството.*

Имено во таа насока, Комисијата во предвид ја зеде и судската пракса на Европскиот суд за човекови права, односно случајот „Savva Terentyev v. Russia 10692/09".
Во конкретниот случај Европскиот суд, се осврнал на праксата на домашните судови при оценување на определена изјава, односно коментар за кој жалителот бил санкциониран. Имено, Европскиот суд забележува дека домашните судови во однос на таквата изјава, се фокусирале на природата на формулацијата на изјавувачот, лимитирајќи ги своите наоди на формата и тонот на говорот, додека не се обиделе да ја анализираат спорната изјава во контекст на релевантна дискусија и притоа да откријат која идеја се сакало да се пренесе. Според Европскиот суд, исходот на определен случај, повеќе зависи од меѓусебната зависност, односно поврзаност на различните фактори, отколку земањето во предвид на секој од нив засебно. Врз основа на таквиот принцип, Европскиот суд го ценел конкретниот случај, со посебно внимание на природата и формулацијата на оспорената изјава, во кој контекст е објавена, потенцијалот да води до штетни последици и причините кои го оправдуваат ограничувањето на истата.
Оттука, Европскиот суд утврдил дека при утврдувањето на фактичката состојба домашните судови не ги земале во предвид сите релевантни факти и околности, па следствено на тоа нивното образложение не може да се смета за релевантно и доволно за да се оправда попречувањето на слободата на изразување на жалителот.

Во согласност со таквата пракса, Комисијата ги ценеше сите факти и околности, кои како такви ја определуваат природата на направените објави, во кој контекст се објавени истите, смислата на идејата на објавите, како и дали истите резултираат со штетни последици.

Комисијата наведува дека донесување на одредено мислење во рамки на нејзините законски надлежности, не претставува пречка за лицето или групата на лица кои се чувствуваат засегнати од одредена навредлива терминологија, во контекст на постоење на навреда, да побараат заштита во судска постапка пред надлежен суд во чии рамки би се утврдувала истата, имено согласно Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета.

Согласно горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на мислењето.

Претседател на Комисија за
спречување и заштита од
дискриминација,
Исмаил Камбери

*Доставено до:*

1. [redacted]
3. *Архива на Комисијата*